Друштво за градежништво, трговија и услуги
МЕНГО ГРДБА
ДООЕЛ, Лескоец Охрид
бр. 6/2024
17-10 2024 год.

Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**

Архивски број: 03- 10013/1
Датум: 07 -10- 2024

ДОГОВОР
за јавна набавка на стоки –
метални ормари и бироа (дел 2– набавка на бироа)

Склучен помеѓу:
1. МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, со седиште на улица „Даме Груев", бр.12 - Скопје, претставувано од м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии, во натамошниот текст: договорен орган и

2. Друштво за производство, трговија и услуги увоз - извоз Менго Градба ДООЕЛ увоз-извоз с.Лескоец Охрид, со седиште на ул. „Рашанец" бр. 45 с.Лескоец Охрид, претставувано од Гоце Митрески, управител, во натамошниот текст: носител на набавката.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е набавка, транспорт и монтажа на бироа и фиокари за потребите на Министерството за финансии, по спроведена поедноставена отворена постапка по оглас бр. 12280/2024.

Техничките спецификации се дадени како прилог 1 кон овој договор, додека техничката понуда со даден технички опис на бироата и фиокарите е дадена како прилог 2 на овој договор и се негов составен дел.

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОР И ЦЕНИ

Член 2

Вкупната вредност на договорот без пресметан данок на додадена вредност изнесува 800.000,00 денари.

На износот од став 1 се пресметува данок на додадена вредност во износ од 144.000,00 денари.

Вкупната вредност на договорот со пресметан данок на додадена вредност изнесува 944.000,00 денари.

Договорниот орган не е обврзан да ги искористи сите средства предвидени во став 3 на овој член.

Член 3

Единечната цена на бироата изнесува 10.685,00 денари без пресметан данок на додадена вредност.

На износот од став 1 на овој член се пресметува данок на додадена вредност и истиот изнесува 1.923,00 денари.

Единечната цена на едно биро со пресметан данок на додадена вредност изнесува 12.608,00 денари.

Единечната цена на фиокар изнесува 4.615,00 денари без пресметан данок на додадена вредност.

На износот од став 4 на овој член се пресметува данок на додадена вредност и истиот изнесува 831,00 денари.

Вкупната цена на еден фиокар со пресметан данок на додадена вредност изнесува 5.446,00 денари.

Цените се крајни, фиксни и непроменливи се до конечното исполнување на договорот и во нив се вкалкулирани сите трошоци што носителот на набавката ги има до нивната испорака кај договорниот орган.

Фактурирањето за испорачаните стоки ќе се врши според единечните цени дадени во овој член.

## III. НАЧИН, МЕСТО И РОК НА ИСПОРАКА

Член 4

Бироата и фиокарите треба да бидат изработени согласно со техничката понуда (прилог кон договорот).

Носителот на набавката е должен да го испорачува и монтира предметот на договорот во рок не подолг од 30 дена од денот на приемот на писмена нарачка од договорниот орган. Местото на испорака на бироата и фиокарите е Скопје. Нарачката треба да има потпис од овластен потписник, архивски број и печат. Нарачката треба да содржи: вид и количина на мебел што се порачува, единечна цена, место на испорака, рок на испорака и лице за прием на мебелот.

Доколку испораката на мебелот – предметот на договорот од страна на носителот на набавката нема да биде во согласност со издадената нарачка или ќе биде извршена без нарачка издадена од договорниот орган ќе се смета за неважечка, а трошоците нема да се признаат, односно ќе паднат на товар на носителот на набавката.

Стоката предмет на договорот ќе се испорачува со испратница и/или записник потпишана/и од страна на носителот на набавката, како и од страна на лицето задолжено кај договорниот орган за квалитативен и квантитативен прием на мебелот.

## IV. НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

### Член 5

Договорниот орган ќе го врши плаќањето врз основа на доставена фактура од страна на носителот на набавката, по извршената испорака и монтажа, а врз основа на писмена нарачка.

Фактурата за извршената испорака се доставува на договорниот орган на следнава адреса: Министерство за финансии, ул. "Даме Груев" бр.12 Скопје.

Кон фактурата се приложува испратница и/или записник со која се потврдува уредно извршената испорака и монтажа.

Доколку доставената фактура не содржи испратница и/или записник нема да се реализира и ќе биде вратена на докомплетирање.

Договорниот орган ќе го врши плаќањето во рок од 30 (триесет) календарски денови од денот на приемот на фактурата во писарницата на договорниот орган.

## V. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

### Член 6

Носителот на набавката се обврзува дека ќе ја изврши испораката навремено и квалитетно согласно со прифатената понуда.

Носителот на набавката се обврзува дека бироата и фиокарите што ќе бидат испорачани ќе бидат од материјалот и производителот што ги посочил во понудата.

Носителот на набавката е должен да се придржува кон рокот за извршување на предметот на договорот кој е дефиниран во член 4 став 2 на овој договор.

Носителот на набавката е должен за испорачаниот мебел предмет на договорот да достави гарантни листови со гарантен рок од 24 (дваесет и четири) месеци за секое биро и фиокар.

Носителот на набавката се обврзува да изврши замена или поправка за секое биро/фиокар што договорниот орган ќе го рекламира во гарантниот период.

Носителот на набавката одговара за материјалните недостатоци на стоката ако ги нема потребните својства за нејзина редовна употреба.

Кога по приемот на стоката од страна на договорниот орган ќе се покаже дека стоката има некој недостаток (скриен недостаток) што не можел да се открие

со вообичаениот преглед при преземањето на стоката, договорниот орган без одлагање ќе го извести носителот на набавката.

По извршеното известување од страна на договорниот орган за констатираните материјални недостатоци, договорниот орган ќе бара од носителот на набавката да го отстрани недостатокот или да му предаде на договорниот орган друга стока без недостатоци.

Носителот на набавката е должен да достави палета на бои и материјали од кои договорниот орган ќе може да ја избере бојата на предметот на договорот.

## VI. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

### Член 7

Договорниот орган се обврзува во писмената нарачка да определи лице кое ќе биде задолжено да изврши квалитативен и квантитативен прием на предметот на договорот.

### Член 8

Договорниот орган се обврзува дека плаќањето за извршената испорака и монтажа ќе го врши во рокот утврден во член 5 став 5 на овој договор.

Договорниот орган го задржува правото да изврши проверка на техничките карактеристики на испорачаните стоки.

## VII. РОК НА ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 9

Договорот е со важност од 12 (дванаесет) месеци од денот на неговото потпишување од двете договорни страни или до негово вредносно исполнување.

## VIII. ГАРАНТЕН ПЕРИОД

### Член 10

Гарантниот период изнесува најмалку 24 (дваесет и четири) месеци и започнува да тече од денот на потпишувањето на испратница/записник за квалитативен и квантитативен прием на стоките-предмет на договорот од двете договорни страни, во кој период избраниот носител на набавката е должен на свој трошок да ги отстрани сите недостатоци на испорачаните стоки, а кои настапиле поради тоа што носителот на набавката не се држел кон своите обврски во поглед на квалитетот на материјалите и други недостатоци кои ќе се појават по вина на носителот на набавката.

Договорниот орган ќе му определи примерен рок на носителот на набавката за отстранување на недостататоците.

Доколку носителот на набавката не го отстрани недостатокот во предвидениот рок од став 2 на овој член, договорниот орган има право отстранувањето на недостатоците да го довери на друго лице, за што писмено ќе го извести носителот на набавката.

Трошоците што ќе произлезат паѓаат на товар на носителот на набавката.

Договорниот орган има право и на надомест на штета ако носителот на набавката не постапи согласно став 2 на овој член.

## IX. ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО И НАВРЕМЕНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 11

Носителот на набавката е должен заедно со потпишаниот договор да достави банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот.

Банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде во висина од 5% од вкупната вредност на договорот со пресметан данок на додадена вредност и да е со важност до целосно реализирање на договорот.

Гаранцијата се доставува во вид на банкарска гаранција во писмена форма или во електронска форма доколку е издадена како таква од банката во изворно оригинална форма. Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма. Копии не се прифаќаат.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде со важност до целосното реализирање на договорот.

Банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде во валутата на која гласи договорот.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде издадена од банка.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот се доставува во определениот рок и тоа: по пошта или лично на лицето за контакт од тендерската документација.

Со гаранцијата за навремено и квалитетно извршување на договорот носителот на набавката гарантира дека предметот на договорот ќе го изврши на начинот и според динамиката предвидени во тендерската документација, односно техничката спецификација, доставената понуда и склучениот договор со договорниот орган.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде наплатена доколку носителот на набавката не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести носителот на набавката.

Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката во рок од 14 дена од целосното реализирање на договорот.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката по пошта, лично во седиштето на економскиот оператор или лично во седиштето на договорниот орган.

Договорниот орган ќе ја наплати гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот и доколку дојде до негово еднострано раскинување поради неизвршување на обврските од договорот од страна на носителот на набавката.

Договорниот орган нема да бара активирање на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот од банката која ја има издадено доколку носителот на набавката поради непредвидени околности (виша сила или други оправдани причини) не можел да ја изврши набавката што е предмет на овој договор, во кој случај носителот на набавката треба да достави писмено образложение до договорниот орган во кое ќе ги наведе причините за неизвршување или ненавремено извршување на набавката, а кое треба да биде писмено прифатено од договорниот орган.

## X. УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ ИЛИ ПРЕКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 12

Овој договор може да се раскине во согласност на двете договорни страни.

Овој договор може да се раскине и еднострано, поради непридржување на одредбите на договорот, а согласно со овој договор или закон.

Договорната страна која поради непридржување или неисполнување кон договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање во писмена форма.

Договорот се смета за раскинат со денот на приемот на известувањето за раскинување на договорот.

Доколку дојде до раскинување на договорот поради неисполнување или неиавремено исполнување на обврските на договорот од страна на носителот на набавката, покрај наплата на банкарската гаранција, носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

Член 13

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската од другата договорна страна или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата од договорната страна која не ги исполнила своите обврски од договорот.

Член 14

Кога договорната страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна може да и остави примерен, дополнителен рок за исполнување на обврската.

Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност на договорниот орган.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во рокот утврден со овој договор или не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може еднострано да го раскине договорот.

XI. ВИША СИЛА

Член 15

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна кон друга за губитокот, повредата или неизвршувањето на одредбите на овој договор кои се предизвикани од виша сила дефинирана со Закон.

Под виша сила се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови од поголеми размери и сл.).

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од договорот.

Ако една од договорните страни е спречена да ги исполнува своите обврски заради настанување на виша сила, должна е веднаш писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

За времетраењето на вишата сила сите права и обврски од овој договор мируваат.

Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на договорот, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

По отстранувањето на вишата сила договорот продолжува да се реализира.

## XII.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 16

Изменувања и дополнувања на договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување на договорот е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Договорот може да се изменува и дополнува со анекс на договорот потпишан од двете договорените страни во согласност со Законот за јавните набавки.

### Член 17

За сé што не е предвидено со овој договор се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за јавните набавки и од другите позитивни прописи во Република Северна Македонија.

### Член 18

Во случај на спор, договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено, а доколку во тоа не успеат, согласни се спорот да го решава предметно надлежниот суд во Скопје.

### Член 19

Обработката на личните податоци при реализацијата на овој договор ќе биде во согласност со Законот за заштита на личните податоци.

Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**

Член 20

Овој договор е склучен во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои по 2 (два) примерока за секоја договорна страна.

| Договорен орган: | Носител на набавката: |
|---|---|
| Република Северна Македонија | Друштво за производство, |
| Министерство за финансии | трговија и услуги |
| Скопје | Менго градба ДООЕЛ увоз-извоз |
| | С.Лескоец Охрид |
| м-р Гордана Димитриеска-Кочоска | Гоце Митрески |
| Министер за финансии | Управител |

Изработил: Панче Чоневски
Проверил: Даниела Јанкова
Одобрил: Татјана Васева
Проверил: м-р Маја Угриновска Стаменковска
Михајло Михајловски
Проверил: Андреј Ангеловски
Согласен: Андриана Матлиоска

Прилог 1

| Бироа |
|---|
| Количина - Договорниот орган ќе набави бироа во рамките на обезбедените средства со одлуката за јавната набавка. Ориентациони количини се околу 60 може повеќе а може и помалку во зависност од средствата |
| Набавка, транспорт и монтажа на работно биро со димензии 160/80/75 со метални ногарки со траверзна во Т форма. Горна плоча од оплеменета иверица со д=2,5 см, кантирана со АБС трака (ист тип како оплементата иверка), со метална конструкција со траверзна со систем за спроведување на кабли до горната работна површина. На работната површина потребно е да се направи отвор и да се постави розетна за спроведување на кабли до горната работна површина. |

Сите конструктивни метални постаменти на бироата треба да бидат со следниве минимални технички карактеристики: метален модуларен систем, канцелариска метална галантерија со можност за брза монтажа/демонтажа, со комбинации за врзување, изработени со ЦНЦ технологија, со долг век на траење, без ризик од корозија ногари со можност за нивелација, со соодветни сертификати, боја по избор на договорниот орган, од целокупната РАЛ карта на бои.

Понудувачот е должен да обезбеди гарантен рок за бироата од минимум 24 (дванаесет и четири) месеци со гарантни листови.

| Фиокари |
|---|
| Количина - Договорниот орган ќе набави фиокари во рамките на обезбедените средства со одлуката за јавната набавка. Ориентациони количини се околу 60 може повеќе а може и помалку во зависност од средствата |
| Набавка, транспорт и монтажа на фиокар со димензии 60/45/65см, од оплеменета иверка со д=16мм и 25мм, кантирано со соодветна АБС трака, гумирани метални тркалца со боја на алуминиум , нивната висина треба да биде 5 см и двете тркалца да поседуваат кочница и спојни елементи. Грбот на фиокарот е од иверка д=16мм . Да се предвиди со патент брава со 2 клучеви и 3 фиоки. Кутиите за фиоки да бидат изработени од оплеменета иверица од 16 мм. |

Понудувачот е должен да обезбеди гарантен рок за фиокарите од минимум 24 (дванаесет и четири) месеци со гарантни листови.

Договорниот орган ќе набави бироа и фиокари во рамките на обезбедените средства со одлуката за јавната набавка.

Договорниот орган го задржува правото во договорот кој ќе го склучи со избраниот носител на набавката, да ја избере бојата на опремата, предмет на набавката, од палетата на бои која ќе ја даде носителот на набавката.

Економските оператори во поглед на понудата, треба да се придржуваат до бараните технички спецификации дефинирани од договорниот орган.

Договорниот орган заедно со порачката на носителот на набавката ќе му достави и слики согласно кои носителот на набавката ќе го изработи дизајнот на бироата и фиокарите.

**Прилог 2**

Согласни сме да ја дадеме оваа понуда за предметот на договорот за јавна набавка на бироа и фиокари за потребите на Министерството за финансии за Дел 2 – Бироа, во се според барањата дефинирани во техничката спецификација од тендерската документација.

| Бироа |
|---|
| |
| Набавка, транспорт и монтажа на работно биро со димензии 160/80/75 со метални ногарки со траверзна во Т форма. Горна плоча од оплеменета иверица со д=2,5 см, кантирана со АБС трака (ист тип како оплементата иверка), со метална конструкција со траверзна со систем за спроведување на кабли до горната работна површина. На работната површина потребно е да се направи отвор и да се постави розетна за спроведување на кабли до горната работна површина. |
| Производител „Менго Градба“ ДООЕЛ<br><br>земја на потекло: Македонија |
| Фиокари |
| |
| Набавка, транспорт и монтажа на фиокар со димензии 60/45/65 см, од оплеменета иверка со д=16мм и 25мм, кантирано со соодветна АБС трака, гумирани метални тркалца со боја на алуминиум , нивната висина треба да биде 5 см и двете тркалца да поседуваат кочница и спојни елементи. Грбот на фиокарот е од иверка д=16мм . Да се предвиди со патент брава со 2 клучеви и 3 фиоки. Кутиите за фиоки да бидат изработени од оплеменета иверица од 16 мм. |
| Производител „Менго Градба“ ДООЕЛ<br><br>Земја на потекло: Македонија |